**Известување за концентрација кое се однесува на стекнување на целосна контрола од страна на СТРАБАГ АГ, Германија над ВТЕ Вассертецхник ГмбХ, Германија**

**(предмет бр. 08-113 од 2025 година)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 208/24 и 16/25), на ден 11.07.2025 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со кое СТРАБАГ АГ со регистрирано седиште на Сиегбургер штрасе број 241, 50679 Келн, Германија ќе стекне целосна контрола над ВТЕ Васертехник ГмбХ со седиште на Рухраллее 185, 45136 Ессен, Германија.

- **СТРАБАГ АГ (STRABAG AG)**, е акционерско друштво со седиште во Германија, кое се занимава со изведување на градежни работи од секаков вид, како во Германија, така и во странство, за сопствена сметка и во име на трети лица, вклучително и преку заеднички вложувања со други градежни компании; проектирање, планирање, пресметка и изградба на објекти и технички постројки; вршење на сите помошни дејности кои му служат на градежниот сектор, особено ископ и производство, како и трговија и користење на добра од секаков вид (особено трговија со градежни материјали, опрема и машини); стекнување, продажба или друго користење и давање под закуп на земјиште и објекти, како и вршење на градежни и технички услуги за трети лица; стекнување, изградба и управување со инфраструктурни објекти од секаков вид, стекнување на соодветни концесии, обезбедување поврзани услуги, како и изнајмување на работници во приватниот и јавниот сектор.

СТРАБАГ АГ има поврзани лица на територијата на Република Северна Македонија и тоа:

-СТРАБАГ ДООЕЛ Скопје, друштво со ограничена одговорност, основано согласно законите на Република Северна Македонија со седиште на ул. Мирче Ацев број 2, 1000 Скопје, со деловна активност– изградба на станбени и нестанбени згради. Единствен содружник во ова трговско друштво е СТРАБАГ АГ Австрија ( австриска компанија која припаѓа на групацијата СТРАБАГ) која поседува 100% од уделите во СТРАБАГ ДООЕЛ Скопје.

-СТРАБАГ АГ Подружница СТРАБАГ Скопје (подружница на странско друштво СТРАБАГ АГ (Австрија), австриска компанија која припаѓа на групацијата СТРАБАГ), основана согласно законодавството на Република Северна Македонија, со седиште на ул. Мирче Ацев број 2, 1000 Скопје, со деловна активност– изградба на патишта и автопати.

-ЦМЛ Цонструцтион Сервицес д.о.о. Белград – Нови Белград – Подружница Скопје (подружница на странско правно лице ЦМЛ Цонструцтион Сервицес д.о.о. Белград, српска компанија која припаѓа на групацијата СТРАБАГ), основана согласно законодавството на Република Северна Македонија, со седиште на ул. Мирче Ацев број 2, 1000 Скопје и деловна активност – дејности на советување во врска со работењето и останатото управување.

-СТРАБАГ Д.О.О. Белград – Подружница СТРАБАГ Скопје Република Северна Македонија – (подружница на странско друштво СТРАБАГ ДОО Белград, српска компанија која припаѓа на групацијата СТРАБАГ), основана согласно законодавството на Република

Северна Македонија, со седиште на ул. Мирче Ацев број 2, 1000 Скопје, со деловна активност – изградба на патишта и автопати.

-СТРАБАГ ДРУШТВО СО ОГРАНИЧЕНА ОДГОВОРНОСТ ПОЛСКА – ПОДРУЖНИЦА СТРАБАГ Скопје (подружница на странско друштво СТРАБАГ ДОО, полска компанија која припаѓа на Групацијата СТРАБАГ), основана согласно законодавството на Република Северна Македонија, со седиште на ул. Мирче Ацев број 2, 1000 Скопје, со деловна активност– изградба на железници и подземни железници.

**-ВТЕ Вассертецхник ГмбХ (WTE Wassertechnik GmbH**) е друштво со ограничена одговорност кое се занимава со (ре)финансирање, планирање, проектирање и изградба, како и со работа и одржување на постројки и мрежи за водоснабдување и отпадни води, како и за термичка инкаерација и искористување на тиња.

ВТЕ Вассертецхник ГмбХ има поврзано лице на територијата на Република Северна Македонија и тоа:

-ВТЕ Вассертецхник ГмбХ, Германија – Подружница во Скопје, Р. Македонија, подружница на странско друштво основана согласно законодавството на Република Северна Македонија, со седиште на ул. Михаил Цоков број 6, 1000 Скопје, со деловна активност– инженерски дејности и поврзано техничко советување.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

22.07.2025 година

Скопје